ПРВ СКОПСКИ
ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД



ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
2020

Извештајот е подготвен од
СНЕЖАНА ЈАНКОВИЌ

Содржина на документот

1. Историја и вовед.....2
1.1 Кратка историја за извидништвото 2
1.2 За нас 3
1.3 Мисија и цел 3
1.4 Завет и Извиднички закони.....4
2. Преглед на активностите во 2020 година 4
2.1 Еднодневни активности организирани од ПСИО ..4
2.2 Повеќедневни настани организирани од ПСИО....6
2.3 Меѓународни активности организирани од ПСИО 7
2.4 Меѓународни активности посетени од ПСИО.....8
2.5 Национални активности посетени од ПСИО 9
3. Новости во ПСИО 10
4. Проекти.....12
5. ПСИО во медиумите.....14
6. Структура и волонтери во ПСИО 16
7. Финансиски извештај.....18

1. Историја и вовед

1.1 Кратка историја за извидништвото

Основачот на Светската Организација на Скаутското Движење (WOSM) е лорд Роберт Стивенсон – Смит Баден Пауел од Гилвел – БП, роден на 22.02.1857 година во Лондон –Англија, (како шесто дете од вкупно десет деца). Останал без татко кога имал само 3години.Првото образование го добил од својата мајка а подоцна го посетувал училиштето Rose Hill School. Таму добива стипендија и образованието го продолжува (на 13 годишна возраст) во колеџот Чартрхаус. Според крајните резултати БП немал високи оценки во училиштето. Неколку години по завршување на колеџот БП пристапува во армијата каде што го примаат во конкуренција од 700 кандидати. По завршување на академијата во 1876 година на 19годишна возраст, го испраќаат како поручник во Индија. Таму тој останува цели 10 години каде што развива свои вештини да набљудува, да се крие, да живее под отворено небо, да се грижи сам за себе. Подоцна заминува во Јужна Африка, од 1899-1901 година само со илјада војници под своја команда каде БП успешно ја води одбраната на градот Меифкинг. Градот е ослободен по пристигнувањето на воената помош, а БП епрогласен на национален херој. На 42 годишна возраст унапреден е во генерал-мајор. Ја организира полицијата во чиј состав влегуваат луѓе кои се способни да се движат по траги, да прават скици на места и објекти, да набљудуваат, да забележуваат и да работат со чувство на одговорност.

Врз основа на стекнатото искуство ја напишал својата прва книга „Помош за извидништво“ (AIDS TO SKAUTING).Пишувал и за тамошните деца кои му помагале за пренесување пораки, давајќи прва помош на ранетите и на многу слични начини. Во тоа ја препознал желбата на момчињата да направат нешто корисно, активно да придонесат за својата земја и за нивната желба за авантура. Следниот чекор го направил на 29 Јули 1907 година со 22 (дваесет и две) момчиња- синови на свои пријатели и деца од квартот каде живеел, БП оди на кампување на островот Браунси во заливот Пуул кај Дерсет-Јужна Англија. Тој е првиот скаутски камп,кој било предвидено да трае 7 дена но продолжил и траел 10 дена, затоа што момчињата не сакале да се вратат дома. Целта на кампот била момчињата да зајакнат физички и да се научат да помагаат на другите, како да се прехранат во природа, сами да бараат и да откриваат. Ги поделил во четири патроли: Бикови, Гаврани, Овни и Волци. Импресиониран од воодушевувањето на децата кои биле во кампот сето тоа го публикувал по една година(1908) во книгата „Извидништво за момчиња“(SCOUTING FOR BOYS). Во 1929 година зазаслугите што ги имал за младите во светот воопшто, од Британската круна ја добива титулата барон и станува познат како Лорд Баден Пауел од Гилвел. Неговата сопруга во 1930 година е избрана за претседателка на Светското женско скаутско движење. Двајцата биле родени на ист датум 22.02 и по тој повод од 1926 година овој датум се прославува како Светски ден на извидниците, познат под името ден на Баден Пауел односно Thinking Day.Тој се разделува од движењето во 1937 година за време на Светското Џамбори во Холандија пред 28 000 илјади извидници од целиот свет. Заминува во градот Ниери, Кенија каде умира на 08 Јануари 1941 год. а, последните зборови му биле БИДИ ПОДГОТВЕН (термин кој станал поздрав на извидниците).

1.2 За нас

Прв Скопски Извиднички Одред (ПСИО), уште познат како ИО Маршал Тито, е најстариот извиднички одред во Република Македонија. Формиран е есента1952 година, за подоцна во 1953година да се регистрира во Сојуз на Извидници на Македонија (СИМ). Во текот на годините ПСИО го има променето своето име во чест на некогашниот претседател на тогашна СФР Југославија Маршал Јосип Броз Тито, но по осамостојувањето на Република Македонија извидничкиот одредот го враќа примарното име во Прв Скопски Извиднички Одред.ПСИО е дефиниран како невладина организација, самостојна, неполитичка, непрофитна, доброволна и воспитна организација за деца и млади, отворена за сите без оглед на националната или верската припадност. ПСИО е дел од Светското извидничко движење (WOSM) и како таков опстојува и се темели на основните вредности на Извидништвото.Во нашето извидничко друштво, членуваат преку 150 активни извидници кои се категоризирани во повеќе возрасни групи. Извидниците од 7 до 10 години се во група на јато и се нарекуваат развигорци, од 11 до 14 години тие влегуваат во патрола и се нарекуваат помлади извидници, од 15 до 21 година формираат младински клуб на извидници и се нарекуваат истражувачи и над 21 година извидниците се нарекуваат ровери. Во ПСИО извидниците се распределени во 5 јата, 4 патроли, 2 клуба на средношколци и 1 клуб на ровери кои се водени од свои водачи, волонтери.

1.3 Мисија и цел

Мисијата на извидничкото движење е да се придонесе во образованието на младите, преку систем на вредности врз основа на извидничиот Завет и Закони, да помогнат да се изгради еден подобар свет, каде што луѓето се самоисполнети како индивидуи и имаат конструктивна улога во општеството. Ова се постигнува со вклучување на младите во неформалниот образовен процес преку користење на специфичниот извиднички метод што го прави секој поединец главен агент во неговиот или нејзиниот развој. Мисијата е усвоена на Светската Извиднички конференција во Дурбан, Јужна Африка во 1999 година.Целта на ПСИО е да влијае врз физичкиот, афективен, креативен и социјален развој на децата и младите преку извидничкиот метод кој се темели врз завет и закони, учење преку работа, личен развој, работа во мали групи, поддршка од возрасните, симболичка рамка и сето ова преку следење на основните извиднички принципи:

1.Обврска кон себе
2.Обврска кон другите
3.Обврска кон духовниот развој

1.4 Завет и Извиднички закони

Завет
„Давам чесен збор, дека ќе ја запознаам и сакам својата татковина, дека ќе ја прифатам духовната реалност и ќе го барам нејзиното потполно значење, дека секогаш ќе им помагам на луѓето, дека ќе живеам и работам по извидничките закони“.

Развигорски закони:

1.Развигорецот е добар пријател, храбар и чесен;
2.Развигорецот ги почитува своите родители и постарите;
3.Развигорецот добро учи, вреден е и несебичен.

Извиднички закони:

1.На извидникот му е чест да му веруваат
2.Извидникот е корисен
3.Извидникот е добар другар
4.Извидникот е учтив
5.Извидникот е оптимист
6.Извидникот е верен и одговорен
7.Извидникот постојано учи и ги применува стекнатите знаења
8.Извидникот ја цени природата
9.Извидникот ги цени и развива духовните и културните вредности
10.Извидникот е чесен во мислите, зборовите и делата

2. Преглед на активностите во 2020 година

ПСИО во 2020 година зема активно учество, како и реализација на многу активности, чија цел беше промоција на извидниците како дел од општеството кое се грижи и создава здрава околина за граѓаните, едукација на децата и младите, како на локално, така и на национално ниво, младинска застапеност, стекнување на нови вештини и создавање подобар свет.
Оваа година како исклучително тешка заради новиот корона вирус Ковид19 многу активности од меѓународен карактер мораше да бидат откажани или организирани без физичко присуство

2.1 Еднодневни активности организирани од ПСИО

1. Добро дело – јато Трски 06.02.2020

Шест извидници од јатото Трски заедно со своите водачи Мартина и Амелиа на 16.02 своето Добро дело го направија на Водно. Тие оставија 30-тина пораки испишани на камчиња, за да ги потсетат и да им порачаат на луѓето да се грижат за природата, да не остават отпад, да бидат позитивни и да искажуваат љубезни и охрабрувачки зборови кон останатите. Камичињата може да ги најдете низ цела шума, на дрва, пенучки, покрај чешма и сл. Овој хајк беше загревање за големиот кој следи на 22 февруари по повод Светскиот ден на извидниците. Луѓето беа пријатно изненадени од пораките и ги пофалија нашите извидници за нивната креативност и секако собравме мноогу многу насмевки. ЛИНК до албумот

2. Добро дело – патрола Кобаја

Пет години по ред овие извидници го одбележуваат светскиот ден на извидниците 22 февруари со добро дело кое внимателно го одбираат и се подготвуваат да го спроведат. Оваа година извидниците се решија да го посетат ПОУ „Иднина“ и да организираат работилници за децата врсници и да им покажат некои извиднички вештини. По изиграните игри за енергија ја поделивме групата каде едни имаа можност да се натпреваруваат во куглање - реквизити направени од рециклирана пластика, а другите да се пробаат во стреличарство. Извидниците иако се на 12 и 13 годишна возраст се покажаа како одлични инструктори и педагози и им го направија овој ден посебен на оваа ранлива група деца. Покрај работилниците заедно со компанијата Клевер успеавме да донираме и училишен прибор кој секако е потребен на секој ученик. Голема благодарност до родителите на извидниците за помошта и вработените во училиштето кои ги подржаа нашите извидници во својата мисија да направат добро дело и да предизвикаат куп насмевки. Да се обидеме до го направиме светот малку подобро место за живеење, да поддржуваме идеи на деца и млади и да ја поттикнуваме нивната желба и волја за волонтерство. ЛИНК до албумот

3. Добро дело – клуб Рисови

Црвен Крст помага секому, но ние му помагаме на Црвен Крст. Нашите добро познати извидници Рисови во неделата волонтерски се организираа и помогнаа во средување и расчистување на дворот на „Даре Бомбол“ со кој стопанисува Црвен Крст, но за нас е од огромно значење. Имено на ова место на Средно Водно се одржувале најмасовните извиднички настани организирани од ПСИО - тогаш ИО „Маршал Тито“ под слоганот Априлски средби. На средбите присуствувале извидници од сите поранешни земји на тогашна Југославија. ЛИНК до албумот

4. Добро дело – јато Лалиња и Коприви 16.02.2020

На 16 февруари Дебар Маало мирисаше на слатки вафли и палачинки. Нашите извидници ја спремија својата мисија да направат Добро дело и со тоа да го одбележат Светскиот ден на извидниците 22 Февруари. Со поддршка од своите водачи јатата Коприви и Лалиња ја исполнија својата желба и да предизвикаат насмевки кај многу луѓе низ Градски парк, центар и околината.

5. Добро дело – јато Бонсаи 23.02.2020

Јато Бонсаи повторно со интересна и креативна идеја. На ден 23.02.2020 Јатото Бонсаи со своите водачи Софија и Сара го одбележаа Светскиот ден на извидниците со волонтирање во нашата Зоолошка Градина.

Додека учеаа нови работи за животните, собираа отпадоци по патеките и поставија пример како сите треба совесно да се однесуваме кон животната средина. Покрај ова, за време на нашата посета ги едуцираа посетителите дека не треба да ги хранат животните во Зоолошката градина и да не фрлаат одпадоци каде што не е место.

Извидниците денес направија една мошне општествено корисна работа за нашиот град и покажаа што значи да се биде одговорен граѓанин и извидник. Голема благодарност до целиот тим на Зоолошката градина кои ја поддржаа нашата иницијатива и не научија нешто ново за животните. ЛИНК до албумот

6. Акција за подигнување на свеста за седење дома и водење грижа за себе и останатите за време на пандемија

Извидниците од ПСИО го направија најголемиот колаж со 72 пораки. Седете дома, за поскоро да одиме надвор! Им благодариме на сите извидници од ПСИО кои одвоија време и ни испратија фотка ♡ Ве сакаме сите и ни недостигате многу.

7. Еднодневен хајк на Шар Планина – Лешница 13.10.2020

На 13 септември 2020, ПСИО организираше хајк наменет за извидници и истражувачи на преубавата Лешница на 1450 метри надморска висина. Нашата рута започна со хајк од село Бозовце до Долна Лешница каде по кратка пауза се упативме кон водопадот и неговите познати кади. Вистинска убавина, незаборавен ден и авантура која ја препорачуваме на сите љубители на природата. Хајкот е навистина лесен и живописен, а местото нуди одлична можност за уживање на чист воздух, има место за логорски/скара, преубави дрвја за поставување на хамоци и ледини за организација на било какви активности. Огромна благодарност до Игор Зиков - родител на извидник кој го одвои своето слободно време да ни се придружи и да не одведе до ова парче рај сместено на нашата Шара. ЛИНК до албумот

2.2 Повеќедневни настани организирани од ПСИО

8. Зимски извинички камп Пониква 14-18.01.2020

2020 година ја започнавме со одличен зимски камп кој го организиравме на Осоговските планини, локалитет Пониква на 1600 мнв. Во период од 14 до 18 јануари 70 извидници од ПСИО уживаа во одличната програма која ја скоцкаа нашите посветени водачи-волонтери без кои ние нема да бидеме тоа што сме. Деновите беа исполнети со еден куп активности на снег како и предавање на темите ориентација, огништа, патни знаци, стреличарство, глума и сл. Честитки до сите храбри извидници кои се пријавија да полагаат некоја вештина. Голема благодарност до сите вработени во мотелот Изгрев кои се погрижија престојот таму да ни биде и повеќе од удобен и топол. За време на зимскиот камп ги имавме и првите работилници кои нашите млади ги организираа како follow up активност од проектот SCOUTS UNITED. ЛИНК до албумот

9. Тим билдинг за волонтерите 06-08.03.2020

Како и секоја година веднаш по зимските распусти нашиот одред организира викенд тим билдинг во нашиот извиднички дом „Чичко Боро“ на планината Китка. Во 2020 година на викендот земаа присуство 15 волонтери кои преку многу активности имаа можност да го зајканат тимскиот дух, да научат нешто повеќе за структурата на нашата организација, како и да креираат годишен план на работа за членството.

10. Викенд за извидници и истражувачи, Негрево 19-20.10.2020

Викендот 19 и 20 септември доживеавме една посебна и нова авантура и го посетивме источниот крај на нашата земја. Бевме гости во едукативниот центар за зачувување на природата лоциран во село Негрево кој се наоѓа на само 2 км од Пехчево. Првиот ден го посветивме на градење на кампот и прекрасен 4 часовен хајк со Спиковски водопади. Во попладневните часови група по група заедно со домаќинот на центарот Верица имавме едукативна прошетка низ сите соби во центарот: ПРОСТОРИЈА 1 запознавање со Брегалнички регион, ПРОСТОРИЈА 2 Биолошка разновидност, ПРОСТОРИЈА 3 Хербариум и инсектариум, ПРОСТОРИЈА 4 Збирка на семиња. Вториот ден ни беше резервиран за втор хајк - „Патеката на Петко и шумските жители – пехчевска авантура” - едукативна пешачка патека во должина од 2км, која почнува од Едукативниот центар и завршува во близина на локалитетот Јудови Ливади каде што вирее муволовката или инсектојадното растение Drosera rotundifolia. По враќањето не чекаше одлично изненадување. Бевме да си береме сливи кои си ги понесовме дома и завршивме со одличен домашен ручек во селото каде домаќините не пречекаа со домашен леб, баница, зелник, органски домати, пиперки, компири и домашен сок од шумски плодови. Топло им препорачуваме на сите да го посетат Негрево и да го доживеат она во кое ние имавме можност да уживаме. ЛИНК до I албум / ЛИНК до II албум

2.3 Меѓународни активности организирани од ПСИО

11. SCOUTS UNITED Learn it, do it, scout it supported by Regional Youth Cooperation Office – RYCO

Заради откажување на размената со извидници од регионот втора од својот карактер преку нашиот регионален проект, нашиот одред организираше низа активности онлајн, Активностите ги посетија извидници од Ниш, Цетиње и Приједор секако со извидниците од Прв Скопски Извиднички Одред.

2.4 Меѓународни активности посетени од ПСИО

12. Извидниците од Европа за родова еднаквост! 26-28.02.2020

Во тек е настанот кој има за цел да ги вмрежи извидниците од Европски регион кои доаѓаат со различни гледишта и богати искуства, сите со една заедничка цел, за подобрување на родовата еднаквост. Гостин - говорник се придружи Pierrette Pape да го сподели нејзиното долгогодишно професионално искуство работејќи за Европско женско лоби и консултантски услуги во однос на #човековитеправа на жените и девојчињата. Таа ја остави групата извидници со една важна мисла - како ние како #извидници преку нашите позитивни вредности може да придонесеме во создадавањето подобар свет 🌎Пристап со доверба, а не со пресуда! Да развиваме емпатија, да обезбедиме поддршка, секогаш да слушаме и никогаш да не осудуваме. Личните индивидуални приказни (и страдањето) се поврзани со општествените културни норми, кои влијаат врз сите аспекти на нашите животи, дури и на невидлив начин. Како младински претставник од Сојуз на извидници на Македонија на тренингот не претставува Бојан Ѓошев од Прв Скопски Извиднички Одред. Овој проект е составен од три дела и тоа тренинг, реализирање активности на локално и национално ниво и завршен настан каде ќе се презентира работата на учесниците.

13. Jamboree on the internet joti - special edition 03-05.04.2020

Овој настан е организиран од страна на Светската организација на извидничкото движење - WOSM и се одржува еднаш годишно. Идејата на JOTI е извидниците од сите страни на светот да се запознаат, забавуваат и да споделуваат корисни информации.

14. Академија 2020, 01-08.11.2020

Извидничката Академија наменета за извидници од Европски регион #theacademy е настан организиран од World Organization of the Scout Movement - WOSM и WAGGS со цел едукација и размена на искуства и добри практики на присутните. Поминавме прекрасни 8 дена со учесници од 33 земји! Оваа година Академијата за прв пат се одржа онлајн.

15. Меѓународен состанок на WOSM 03.12.2020



Состанокот беше организиран од Светската извидничка организација на кој се споделуваа и дискутираа одлични идеи за тоа како нашите извиднички одреди и сојузи можат да ги задржат членовите и волонтерите за време на пандемијата со ковид19 вирусот. Еден од модераторите на настанот беше и нашиот поранешен Генерален секретар, Горан Ѓоргиев.

2.5 Национални активности посетени од ПСИО

16. Централен настан по повод Светски ден на Извидниците 22.02.2020

На 22.02.2020, по повод Денот на извидниците, СИМ организираше настан во домот Даре Бомбол на Средно Водно, каде беа пристутни околу 300 извидници. По отворањето на церемонијата, оние кои сакаа да го повторат својот и новите извидници, ја имаа можноста да дадат извиднички свечен завет и со тоа да се вклучат на најголемата фамилија - извидници! По заветот, следеше хајкот до врвот на Водно, каде се дружевме и стопливме од ладното време. ЛИНК до албум

17. Акција за дарување крв по повод Светскиот ден на Извидниците 21.02.2020

18. Онлај програма со 30 дена предизвици

Нашиот одред зема учество со најголем број извидници на новокреираната онлајн програма во организација на Сојуз на извидници на Македонија. Преку учество во програмата тие имаа можност даосвојат: 1. Основно ниво - 15 до 17 предизвици. 2. Напредно ниво - 18 до 23 предизвици и 3. Експертско ниво - 24 или повеќе предизвици.



19. “Pletvar Outdoor Festival 2020” 28-30.08.2020г.

Целта на настанот беше возбудлива авантура за сите возрасти, запознавање со околината на Прилеп, дружба меѓу љубителите на планината, подобрување на веќе стекнатите вештини во природа, размена на искуства и стекнување на нови знаења! Во овие три дена нашите извидници беа дел од многу активности како слеклајн, стреличарство, искачување на врв Козјак (1747м) и посета на пештерата Дуова, велосипедска тура, кратка планинарска тура за почетници, планинско трчање и многу други забавни активности.

20. Работилница за соларна енергија 03.10.2020г.

Работилниците за соларна енергија беа организирани од Извиднички одред Браќа Миладиновци. Научивме и видовме многу нови работи и финти преку одличните презентации и експерименти.

21. „Извидниците за својот град" Традиционалната акција на Извиднички Одред Браќа Миладиновци 11-12.11.2020

Оваа година состојбата со Ковид-19 ги спречи извидниците од Бони М да не соберат заедно на оваа традиционална активност, но не не спречи да направиме нешто убаво и добро за нашиот град, заедница и граѓаните. Целиот наш одред беше активно вклучен кон задачите и мисиите кои требаше да ги исполниме за викендот додека траеше акцијата.

3. Новости во ПСИО

Во новата 2020 година влеговме со неколку новини во нашата едукативна програма, каде воведовме нови вештини со кои треба да се стекнат нашите членови како што се познавање видови огништа и нивна изградба и употреба, патни знаци и еден од најактуелните, произлезен од морање да се седи дома - „Направи сам“ или познато како (“DIY”) што е метод за градење, менување или поправка на работите без директна помош од експерти или професионалци. Нашиот тим на волонтери го подготви овој нов амблем како би им пружил на своите членови нова мотивација за квалитетно поминато слободно време дома.

Што треба да направите за да го освоите овој амблем ?

1. Облечи ја својата извидничка униформа или ПСИО маичка ☑, стави марама ✔ , вклучи камера и сними 5 видеа во областа „направи сам“. ☑

Може да ги користите сите алатки достапни на интернет, КОМПАС 109 Активности на СИМ (ограничувања нема).

2. Откако ќе се снимат 5те видеа наеднаш треба да се птарта wetransfer на нашата е-пошта prvskopski@yahoo.com.

Она што значително ново се случи во 2020та година и избор на нов Началник на одредот, односно тим од двајца наши посветени извидници. 1. Бојан Ѓошев - Началник на ПСИО, одговорен за извидници, истражувачи, логистика и администрација и 2. Ивана Манчевска - заменик Началник на ПСИО, одговорна за развигорци, програма и односи со јавност.

Во новата 2020 година примивме 30 нови извидници кој се зачленија во јата и патроли и исто така имаме нови две јата Детелинки предводени од водачот Амелиа Георгиевска и помошник водачот Петар Петровски, како и јато Фикуси водени од Сара Крајчевска и помошник водачот Андреј Кузевски.

Оваа година значително ја искористивме за работа во нашето Шумско домче – извидничкиот дом „Чичко Боро“- кое прерасна во шумско школо, каде се учи преку работа, а се работи во природа. Нашата планинска куќа доби нова фасада, изолација, нови надворешни чешми како би можеле сите кои престојуваат во дворот да имаат место за миење садови и сл., нови огради, плоча и плочки на задната тераса и се тоа изработено од нашите волонтери и поддржувачи на ПСИО.

Ново во 2020година е воведување на награда за извидник – водач во ПСИО и истата за прв пат свечено ја прими нашиот вреден и посветен извидник-волонтер во Прв Скопски Извиднички Одред Амелиа Георгиевска.

Огромна благодарност до нашите пријатели и поддржувачи кои и во 2020 година беа тука за да ни помогнат: Триглав, Ин Брокер, Данаи фарм, Конто Офис, Диајгностика Фармахем, Жито Лукс, Квазел, Печатница Софија, Урбан бургер, Медикотека и други донации од страна на пријателите на извидниците.

Во оваа бурна година имавме и изборно Собрание на Сојуз на Извидници на Македонија каде од ПСИО кандидат беше Виктор Гилев и истиот стана член на новото Старешинство на СИМ со освоени најмногу гласови на доверба од присутните делегати. Негиовиот мандат и успеси ќе ги следиме во наредните четири години. На ова изборно Собрание беа избрани и останатите 6 члена меѓу кои и Огнен Стефановски со трет мандат за Старешина на Сојузот, кој по само 3 месеци заради приватни обврски даде оставка. Новото изборно Собрание на СИМ е закажано за 2021г.

Пред самиот крај на 2020 година, нашиот одред во соработка и поддршка на Арс Ламина ја испечати и познатата книгичка – прирачник за извидници „Извидник во природа“. Оваа драгоцена за сите генерации извидници џебна книгичка низ текот на годините е преведена од српско-хрватски на македонски јазик по што имаше можност да се најде во СИМ.

И на самиот крај и оваа година нашиот одред изработи календар со извиднички мотиви и активности од нашите извидници од 2020 година. ЛИНК до календарот 2021

4. Проекти

РЕФЕРЕНТНА ЛИСТА ЗА ИЗРАБОТЕНИ ПРОЕКТИ ВО 2020 ГОДИНА
Спроведувач: Прв Скопски Извиднички Одред
** На листата не се прикажани европски проекти од програмата Еразмус + финансирани од Европска Комисија, како и проекти на кои здружението било партнер апликант.

Бр.	**Донатор** **Име на проект**
1.	**Град Скопје (сектор образование)** **Сите различни, сите еднакви (2020)**
	 Цел на проектот: Подигнување на свеста кај младите од Град Скопје и промоција на соодветни алатки за да се препознае и одговори на нееднаквост, дискриминација и нетолеранција, како и градење чувство на емпатија преку извиднички метод на работа. Резултати: Р1. Вклучени и вмрежани повеќе од 100 млади во работилници на тема еднаквост, дискриминација и толеранција и препознавање на говор на омраза, Р2. Изработен прирачник со активности за поддржи работата на наставниците/фасилитаторите на тема човекови права со под теми дискриминација и толеранција, родова еднаквост и меѓукултурен дијалог Р3. Промовиран Сектор за образование на Град Скопје и извидниците како општествено одговорно и активно тело кои се борат против нееднаквост, дискриминација и нетолеранција, како и градење чувство на емпатија. ЛИНК до прирачникот
2.	**Град Скопје (сектор за млади)** **ЕКО бивак (2020)**
	Цел на проектот: Промоција и придржување кон одреден сет на позитивни навики како и благосостојба на децата и младите во нашето општество, наведувајќи ги негативните и позитивните карактеристики на животот преку работа во природа. Постигнати резултати: Р1. Вмрежани приближно 200 млади од различен етникум, култура и религија и нивен социјален развој и социјална интеграција преку квалитетно неформално образование Р2. Промовирана екологијата како важен аспект за квалитетен живот Р3. Стимулирани млади за живот во природа, наместо пред технологија Р4. Реализирани и промовирани 6 атрактивни активности кои можат младите да ги уживаат во Град Скопје низ цела територија на градот Р5. Фотографии од активностите Р6. Промовиран Град Скопје и неговите извидници како чинители кои се грижат за младите и правилно користење на слободното време Р7. Подигнат квалитетот на живеење на приближно 200 млади преку корисно поминување на слободно време и социо-едукативни и еколошки активности
3.	**Регионалната канцеларија за млади на Западен Балкан „РИКО“** **Обединети извидници!** **Научи, направи, биди извидник (2019-2020)**

Цел на проектот: Целта на проектот е да се зајакнат младите луѓе од извидничкото движење во создавање соодветна мултикултурна мрежа и градење патеки за одржлива соработка за прашања поврзани со градење на мирот, учество на младите и младинска работа. Исто така, тоа ќе има големо влијание во процесот на помирување преку зголемување на мобилноста на младите и овозможување на средина за регионална младинска соработка. Ова е проект што менува живот, кој ќе отвори нови перспективи за иднината на младите луѓе, а исто така ќе обучува извидници за тоа како тие можат да градат социјална кохезија во нивните заедници.

Резултати:

Р1. Најмалку 30 обучени млади извидници способни да водат и организираат активности што промовираат и се залагаат за регионална соработка и градење на мирот

Р2. Распространета мрежа на млади преку промовирање на меѓусебно разбирање и интеркултурно учење преку најмалку една организирана обука за најмалку 32 учесници.

Р3. Најмалку 4 состаноци на извиднички активности по земја, посетени од најмалку 10 лица од секоја земја-партнер

Р4. Најмалку 400 млади луѓе кои ќе посетат работилници за градење на мирот

Р5. Најмалку 400 млади ќе ја научат извидничката историја и ќе бидат мотивирани да прават промени во иднина

Р6. Најмалку еден потпиша Меморандум за извидничко движења со земјите партнери.

5. ПСИО во медиумите

Извор: Интернет-онлајн сервиси на национални телевизии, дневни весници, неделни магазини, портали за вести
Јазик на оригиналните статии: македонски
Дата на сите записи: 2020 година

Бр.	Извор и наслов на веста	Кратка информација и линк	Датум
1.	Радио МОФ Преку експеримент, извидниците покажаа зошто хигиената е важна во борбата против коронавирусот	Извидниците од Првиот скопски извиднички одред (ПСИО) изработија едукативно видео со кое покажуваат зошто е важно редовното одржување хигиена во период на пандемија на Ковид-19 коронавирусот. За таа цел, употребија сад во кој ставија вода и бибер, а во чашка сапун Линк/Link	23.03.2020
2.	Деца.мк Како да направите велигденски украси, бележници за книги – скопските извидници со свои видеа	Моравме некако да смислиме да продолжиме да го држиме ритамот и духот кој го имаме. Извидниците им се многу важни на сите наши членови, вежбаме и негуваме позитивни вредности, навики, се грижиме за правилен физички, социјален, карактерен развој кај децата и младите, придонесуваме во образованието на младите, преку систем на вредности Линк/Link	01.04.2010
3.	Радио Слободна Европа „Направи сам“ – нов извиднички амблем во време на пандемија	Како и сите извиднички одреди, така и Првиот скопски извиднички одред (ПСИО) во овој период на изолација поради коронавирусот, мораше да ги откаже своите активности. Но, од таму смислија нов креативен амблем – „Направи сам“, кој за да го добијат извидниците треба од дома да се снимат како креираат нешто. Погледнете ја нивната порака. Линк/Link	01.04.2020
4.	Сител ТВ Извидниците продолжуваат со работа од дома. Вондредната состојба не ги	Тв прилог со Снежана Јанковиќ. Разговор на тема извидништво во време на пандемија, откажани активности и начини за подобро снаоѓање во вакви ситуации Линк/Link	08.05.2020

Бр.	Извор и наслов на веста	Кратка информација и линк	Датум
	спречува да престанат да учат		
5.	ecnegrevo.mk Извидниците од Прв Скопски Извиднички Одред во посета на ЕЦ Негрево	Изминатиот викенд во посета на Едукативниот центар во село Негрево беа извидниците од Прв Скопски Извиднички Одред. Извидниците имаа можност да се запознаат со биолошката разновидност во брегалничкиот регион, а беше реализирана и прошетка по “Патеката на Петко шумските жители – Пехчевска авантура” до локалитетот Јудови Ливади каде вирее инсектојадното растение – Drosera rotundifolia. Линк/Link	24.09.2020
6.	Сител ТВ Пандемијата ни покажа-Извидничките вештини се неопходни во секојдневието	Тв Прилог со извидници од ПСИО: Ана Лазарова, Димитар Тануровски, Снежана Јанковиќ и гостин извидник од ИО Браќа Миладиновски Игор Станојков Линк/Link	22.10.2020
7.	Канал 5 ТВ Поранешно Матично ќе се реконструира во нов младински центар	Снежана Јанковиќ, претставник на Сојузот на извидници, рече дека Младинскиот центар го гледаат како место на вмрежување на сите младински и организации за млади на територија на Општина Центар. Линк/Link	02.11.2020
8.	Радио МОФ Извидниците го објавија новиот прирачник за човекови права	По повод 10 декември, Светскиот ден на човековите права, извидниците од Првиот скопски извиднички одред го објавија новиот Прирачник со чекор по чекор активности на тема човекови права. „Оваа година со поддршка на Град Скопје, сектор за образование се потрудивме Линк/Link	11.12.2020

6. Структура и волонтери во ПСИО

Структура на Прв Скопски Извиднички Одред

Старешина на одредот / Претседател

Зоран Шиљковски

Е-пошта: zokisiljo@yahoo.com / Поврзи се со Зоран на Facebook

Членови на Старешинство / Управен одбор

Виктор Гилев

Е-пошта: viksa_pestaloci@hotmail.com / Поврзи се со Виктор Facebook Instagram

Ивана Манчевска

Е-пошта: ivana.mancevska15@gmail.com / Поврзи се со Ивана Facebook Instagram

Иван Велкоски

Е-пошта: ifcepifce@gmail.com / Поврзи се со Иван Facebook Instagram

Началник на одред

Бојан Ѓошев

Е-пошта: gosevbojan@gmail.com / Поврзи се со Бојан Facebook Instagram

Волонтери во Прв Скопски Извиднички Одред

1. Демјан Анатоли Голубов / Е-пошта: demjan.a.golubov@gmail.com
2. Димитар Чакар / Е-пошта: dimitar.cakar.5@gmail.com
3. Владимир Камбовски / Е-пошта: VKambovski001@gmail.com

4. Александра Радевски / Е-пошта: aleksandraradevski@gmail.com
5. Амелиа Георгиева / Е-пошта: ameliageorgievska@gmail.com
6. Ангел Спасовски / Е-пошта: spasovskiangel8@gmail.com
7. Андреј Кузевски / Е-пошта: andrejkuzevski5@gmail.com
8. Димитар Тануровски / Е-пошта: tanurovskid@gmail.com
9. Кристијан Китанов / Е-пошта: kitanovk@gmail.com
10. Петар Ѓошев / Е-пошта: gosevpetar@gmail.com
11. Петар Петровски / Е-пошта: petrovskip22@gmail.com
12. Мартина Тасева / Е-пошта: taseva.martina@yahoo.com
13. Зоран Ристовски / Е-пошта: zokizokizoki@gmail.com
14. Сара Крајчевска / Е-пошта: sarakrajcevska0.@gmail.com
15. Драган Тануровски / Е-пошта:

Извршна канцеларија / Координатор на проекти

Снежана Јанковиќ

Е-пошта: snezepsio@hotmail.com / Поврзи се со Снежана Facebook Instagram

7. Финансиски извештај



Финансиски извештај

ПРИХОДИ и РАСХОДИ на ПРВ СКОПСКИ ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД

во периодот од

01.01.2020 до 31.12.2020 година

ПРИХОДИ во МКД	
Членарини	169.250,00
Донации	25.540,00
Проекти	243.450,00
Кампови и работилници	7000,00
Пренос од 2019г.	366.939,00
Вкупно	812.179,00

РАСХОДИ во МКД	
Плати и хонорари	397.045,00
Сојуз на извидници на Македонија	10.000.00
Канцелариски потрошен материјал	9.647,00
Работилници и опрема	112.953,00
Трошоци кон банка	27.019.00
Вкупно	556.664,00